UDC: 343.91-053.2/.6(497.7:=214.58)
342.7-053.2/.6:343.1(497.7:=214.58)
Original research paper

# THE POSITION OF ROMA CHILDREN IN COURT PROCEEDINGS

**Surlovska Ristevska Roze**
PhD student, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip
r.surlovska@gmail.com

**Buraliev Ivan**
PhD student, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip
buraliev.ivan@gmail.com

**Abstract**

*In May 2014, a parent of a 17-year-old boy reported the abuse of his son and his 12-year-old grandson. The abuse of the children was carried out by four police officers, members of the special unit "Alpha". They suspected that one of the boys had stolen the purse of a woman, a passer-by. After they intercepted them, they started beating them without any prior warning.* (Police abuse Romani youth in Macedonia, 2004)

This is one of the many cases that reach us every day. The stereotype and prejudice that Roma are perpetrators of property crimes is deeply rooted in our society and beyond. Unfortunately, this is only one of the types of discrimination, which is manifested in many spheres and represented in many forms. Marginalization of the Roma is a phenomenon that is passed down from generation to generation and destroys many young lives before they even begin.This paper analyzes the position of Roma children in court proceedings, based on the hypotheses that street children are perpetrators of crimes due to their lack of access to the educational system and that the law enforcement authorities carry out the procedure inappropriately and incompletely when it comes to Roma children.The rights of the child are inviolable and must be respected by all subjects in the procedure. Any violation of them is highly condemnable.

***Keywords:*** *children's rights, Roma children, court proceedings, discrimination*

# ПОЛОЖБАТА НА ДЕЦАТА РОМИ ВО СУДСКА ПОСТАПКА

**Сурловска-Ристевска Розе**
Докторанд, Правен факултет, Униврзитет „Гоце Делчев" – Штип
r.surlovska@gmail.com

**Буралиев Иван**
Докторанд, Правен факултет, Униврзитет „Гоце Делчев" – Штип
buraliev.ivan@gmail.com

**Апстракт**

*Во мај 2014 година родител на 17-годишник пријавил малтретирање на синот и на неговиот 12-годишен внук. Малтретирањето кон децата било извршено од страна на четворица полицајци, припадници на специјалната единица „Алфа". Тие се сомневале дека едно од момчињата украло чанта на жена, случајна минувачка. Откако ги пресретнале, започнале да ги тепаат без претходно предупредување.* (Police abuse Romani youth in Macedonia, 2004)

Ова е еден од многуте случаи кои секојдневно допираат до нас. Стереотипите и предрасудите дека Ромите се сторители на кривични дела од имотен карактер е длабоко вкоренет во нашето општество, па и пошироко. За жал, ова е само еден од видовите на дискриминација, која е манифестирана во многу сфери и застапена во многу облици. Маргинализирањето на Ромите е појава која се пренесува од генерација на генерација и уништува многу млади животи уште пред да почнат. Во овој труд е анализирана положбата на децата Роми во судската постапка, водејќи се од хипотезите дека децата од улица се сторители на кривични дела поради недостапност до образовниот систем и дека органите на прогон несоодветно и нецелисходно ја спроведуваат постапката кога се во прашање деца Роми. Правата на детето се неприкосновени и истите задолжително мора да се почитуваат од сите субјекти во постапката. Секое нивно прекршување е за најголема осуда.

***Клучни зборови:*** *правата на детето, деца Роми, судска постапка, дискриминација.*

## Вовед

Академик Владо Камбовски детското престапништво го определува како дел од криминалот на современото општество и најтешко загрозување на квалитетот на човековиот живот кој има примарно значење. Се работи за сфера на криминал, специфична во прв ред поради нејзините актери т.е. малолетниците.

Авторите Лажетиќ, Нанев и Кошевалиска при дефинирање на малолетничката деликвенција го користат изразот детско престапништво наместо малолетничка деликвенција заради усогласување на поимите со Законот за правда за децата, (ЗПД) и Конвенција за правата на детето (КПД), а дефиницијата ја делат на екстензивен и рестриктивен дел. Екстензивната дефиниција за овој поим е дека детското престапништво ги подразбира сите облици на девијација кои се појавуваат во однесувањето на децата, односно однесување спротивно со моралните и законските норми во дадено општество. Потесната дефиниција, поточно рестриктивната, се потпира на важечкиот систем на законски норми, односно на она однесување што е инкриминирано во важечкото кривично законодавство како кривично дело. (Бужаровска, Нанев, & Кошевалиска, 2015, стр. 17)

Антициганизмот е посебна форма на расизам насочена против оние стигматизирани во општествениот светоглед како „Gypsies", „tsigane", „ţigan", „Zigeuner", „tatars", „zingari" или други сродни термини, кои што во својата суштина се засноваат на претпоставките дека тие припаѓаат на една инфериорна и девијантна група, и поради тие причини, се оправдува доминацијата врз нив и нивното угнетување. Други клучни претпоставки на антициганизмот се ориентализмот, номадизмот, дека се група кој е без корен и која е заостаната. (Rostas, 2019, pp. 19-20) (Rostas, et al., 2021) Децата Роми токму поради нивната ранлива положба се честа жртва на дискриминација во едно општество.

## 1. Поим на дете и дефинирање на начелото на најдобар интерес на детето

### 1.1. Поим на дете

Поимот на „дете" претставува општ поим чијашто дефиниција во Законот за правда за децата е преземена од Конвенцијата за правата на детето. Согласно со член 21 од Законот за правда за децата, дете е секое лице на возраст до 18 години. Од општиот поим на „дете" се диференцирани поимите „дете во ризик" и „дете во судир со законот", како средишни категоријални поими на кои се надоврзува одредувањето на основите за постапување со деца, како и надлежноста на органите, постапките и мерките на помош, грижа и заштита, воспитните и алтернативни мерки и казнување на децата и помладите полнолетни лица. (Камбовски, и др., 2018)

„Децата во ризик" во основа се исклучени од формалното судско постапување и постапувањето со нив е препуштено и во надлежност на центрите за социјална работа и други органи кои се надлежни за помош, грижа, заштита и воспитување на децата.

За разлика од „децата во ризик", со „децата во судир со законот" се постапува во формално, во формална судска постапка и спрема нив се применуваат определените со Законот за правда за децата, вонинституционални и институционални мерки, а за одредени категории и санкции од типот на казни.

Со оглед на тоа дека предмет на интерес на овој труд е положбата на децата Роми во судската постапка, односно акцентот се става на формалното судско постапување, вниманието ќе го насочиме кон дефинирање на поимот „дете во судир со законот".

Поимот „дете во судир со законот" опфаќа дете кое на возраст од 14 до 18 годишна возраст извршило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело и за кое е пропишана казна затвор над три години.

Законот не употребува израз „сторител на кривично дело", за да ја нагласи разликата помеѓу законското уредување на правдата за деца и казненото право резервирано за полнолетни сторители на кривични дела, којашто не е само терминолошка туку имплицира низа посебности: од начелата на постапување до мерките и санкциите, чиишто функции и цели се предодредени со интересите на детето за помош, заштита и превоспитување. (Коментар на Законот за правда за децата со практикум, 2018)

Имено, Законот за правда за децата разликува два поими на дете во судир со закон и тоа дете во судир со закон од 14 до 16 години и дете во судир со закон над 16 години и притоа ваквото разликување е во функција на диференцирање на одделните мерки и санкции и можноста за кривична одговорност. За првата категорија, односно за децата во судир со закон од 14 до 16 години законот пропишува исклучиво воспитни мерки, додека за втората категорија, покрај воспитните мерки ги пропишува и казните и алтернативните мерки.

### 1.2. Дефинирање на начелото најдобар интерес на детето

Правото на детето на мислење е првиот и основен чекор на концептот на учество на детето во постапката на кое се надоврзуваат партиципативните права на детето. На неговата правна положба и претходат два клучни фактори кои претставуваат извор на правната регулатива за деца и тоа: принципот на најдобар интерес на детето и правото на партиципација на детето. (Влашкович, 2014, стр. 243)

Најдобриот интерес на детето претставува основно начело за заштита на детето. Оваа начело како во меѓународното право, така и во националното законодавство претставува најширок правен стандард кој опфаќа секаков вид на правна заштита на детето, но ја дава и основата на постапување, како на судовите така и на останатите државни органи. (Novaković, 2023, pp. 13-17) Најдобриот интерес на детето е еден од клучните принципи на Конвенцијата за правата на детето и согласно со конвенцијата предвидено е сите постапки што ги презема државата спрема детето да се во негов најдобар интерес притоа без оглед на тоа дали се преземаат од страна на јавни или приватни институции, судски, законодавни или административни органи.

Како општ принцип, принципот на најдобриот интерес на детето во најширока смисла на зборот води кон остварување благосостојба на детето. Новиот Закон за правда за децата се заснова на одредбите на Конвенцијата и согласно тоа принципите на најдобар интерес на детето, почитувањето на ставовите на детето, правото да биде ислушано и правото, интересот на детето да биде земен како примарен се соодветно вградени во истиот.

Новина во новиот Закон за правда за децата е дефинирање на начелото на најдобар интерес на детето во членот 3 од истиот. (Закон за правда за децата, 2024)

Согласно членот 3 од Законот за правда за децата, најдобриот интерес на детето подразбира постапување и одлучување при што примарно значење имаат интересите на детето за негова заштита, воспитување, превоспитување и правилен раст и развој и ефектите што

таквото постапување, односно одлучување ги има врз детето. Понатаму законот пропишува дека најдобриот интерес на детето е секогаш по претежен доколку дојде во судир со други интереси, материјални и процесни одредби.

Имено, најдобрите интереси на детето мора да бидат запазени во текот на целата постапка од почеток до крај. Оттука се наметнува потребата кај сите институции и вработените во нив надлежни за примена на Законот за правда за децата да се подигне нивната подготвеност до нивото на специјалистички знаења за проблемите на децата, законската рамка за нивниот третман, меѓународните норми и стандарди за нивните права и заштита и соодветните на нив вештини за законито, справедливо и ефикасно постапување секогаш во најдобриот интерес на детето. (Камбовски, и др., 2018)

## 2. Појдовни фактори кои влијаат за појава на малолетничка деликвенција кај децата Роми

Модерните теории околу детското престапништво констатираат дека малолетникот не се раѓа како деликвент и не одлучува да стане деликвент, туку постојат повеќе надворешни фактори кои влијаат за негово креирање па оттука произлегува и оправданоста на мултифакторските теории за деликвенцијата. Одредени теории констатираат дека малолетникот се „вовлекува во деликвенција" поради немање контролата, првично од страна на семејството, а потоа и од страна на училиштето, социјалната средина, соседството и сл. Младата личност во фазата кога е сѐ уште недоволно изградена станува чувствителна и разните влијанија можат да го насочат нејзиниот развој и однесување кон асоцијално и антисоцијално однесување. (Луќетиќ, 1999, стр. 87)

Во врска со дефинирање на криминогените фактори може да го заклучиме следното: криминогените фактори ги претставуваат сите оние околности и влијанија што преку своето заемно и поврзано етиолошко влијание го предизвикуваат криминалното поведение. (Сулејманов, 2009, стр. 665)

Според податоците на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, 5 - 6% од вкупниот број на деца во РСМ не се вклучени во образовниот систем, 2000 деца го поминуваат своето детство на улица, живеејќи под ведро небо и без родителска грижа и надзор, а само 9 - 15% (зависно од општината во која живеат) од децата се вклучени во предучилишно образование. Притоа, децата кои се на улица, се категоризираат во неколку групи: деца без родители, деца со еден родител, деца на разведени родители, деца во нарушени семејни односи, а околу 30% од децата на улица, се деца без родители. (Прва детска амбасада Меѓаши, н.д.) Децата на улица во РС Македонија ги има од сите возрасти и националности, но најмногубројни (58 %) се Ромите. Исто така, загрижува и сознанието дека: 15,5 % од децата на улица се од предучилишна возраст, 64% се на возраст од 7 до 14 години, 88, 5 % манифестираат социјално неприфатливо однесување, а 11, 5 % имаат толерантно социјално однесување. (Прва детска амбасада Меѓаши, н.д.) (Донева, 2021)

Во период на последните десет години на територијата на Република Северна Македонија се регистрирани 490 деца на улица, како збир на евидентираните лица од оваа категорија во рамки на сите Центри за социјални работи на територија на државата. Поголемиот дел од нив (262) се лица од женски пол, а останатите (228), се машки лица. Според возраста, најголем број од нив (415) се деца, односно лица кои не навршиле 15 години, значително помал број (11), се постари малолетници, односно лица од 16 - 18 годишна возраст. Интересен е податокот за припадност во оваа категорија на лица постари од 14, односно 18 години, односно лица кои припаѓаат на возрасната група од 19 - 44 години. Најстарите регистрирани лица во оваа категорија се на возраст над 65 години. (Донева, 2021) Од децата на улица чија етничка припадност е позната, најголем број (452) се припадници на Ромската етничка заедница.

- **Општествено - економски криминогени фактори**

Економската (не)стабилност на едно општество има директно влијание врз криминалитетот и деликвенцијата, поради тоа во економско развиените држави стапката на криминалитетот и деликвенцијата е пониска за разлика од неразвиените држави како и државите во транзиција. (Ебру, 2020, стр. 193)

Сиромаштијата се дефинира како состојба поради која луѓето немаат средства за да ги задоволат основните, поточно егзистенцијалните потреби во животот. Живеење во слабо развиена населба со лошо изградени куќи, без пристап до вода, канализациона мрежа, асфалтирани патишта, електрична енергија и други основни комунални услуги достапни во современиот свет придонесуваат за нееднаква почетна точка и животни можности во споредба со другите поединци кои живеат во развиено соседство, населба, област, област или град. Следствено, лошите услови во областа домување влијаат на пристапот на образование, здравствени услуги, вработување и други основни човекови права, кои мора да бидат достапни за секој поединец. Недостатокот на таков пристап ја прави заедницата маргинализирана, сиромашна и необразована, ограничена во сопствените населби (сегрегирани заедници).( Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030)

Според истражувањето кое го спроведоа УНИЦЕФ (Студија за детската сиромаштија, 2008) врз децата во Северна Македонија, се констатира дека секое трето ромско дете е повеќе димензионално сиромашно. Заедничката анализа на Обединетите нации за Северна Македонија (2020) открива дека децата кои живеат во посиромашни домаќинства, децата кои живеат во големи домаќинства, децата кои живеат во руралните области, се изложени на поголем ризик да бидат оставени, соочени со ограничен пристап до образованието и здравството. Следствено на тоа, својот пат да го продолжат впуштајќи се во криминалните води, се со цел да обезбедат основна егзистенција.

Според претставниците на школата од Чикаго - R. E. Park, L. Wirth, и E. W. Burgess кои го истражувале влијанието на сиромаштијата врз стапката на криминалитетот и деликвенцијата, посочуваат дека причините не треба да се бараат во личните својства на поединецот, туку напротив деликвенцијата се јавува во определени урбани средини каде што средината не е соодветна за меѓучовечките односи и стапката на сиромаштијата е висока, оттука можеме да заклучиме дека стапката на криминалитетот и деликвенцијата може да се намали само со развојот на социјалните и економските услови. (Larry, 2011, pp. 11-12)

Невработеноста како криминоген фактор не само што влијае врз економската состојба на членовите на семејството и општеството, таа претставува синџир на уште ред други негативни состојби кои влијаат врз развојот на детето, како што се: исклучување на детето од образовниот процес поради недостиг на средства, учество на децата под 15 години во пазарот на трудот со лоши и тешки работни услови кои можат да го нарушат неговото здравје па дури и просење и питачење кои покажуваат растечка тенденција во нашата држава, живеење во средини во кои детето непосредно останува под влијание на банди и злосторнички групи, нарушување на меѓучовечки односи и секако вршење деликвентни активности. (Митев, 2009, стр. 22)

Според податоците од социјалното мапирање од 2018, стапката на вработеност на Ромите изнесува 23%, скоро двојно помала од националниот просек, додека стапката на невработеност на Ромите е рекордно висока на 67%. Поголемиот дел од ромската етничка група се дел од неформалната (сива) економија. Со собирање пластика, метал и нивна продажба, овозможува тие да бидат дел од неформалниот сектор кој им овозможува на Ромите каква – таква материјална поддршка за нив и нивните семејства. (Извештај за сиромаштија - Северна Македонија, 2020)

Поради лошата финансиска состојба на многу ромски семејства како последица од невработеноста, децата уште од мала возраст се принудени да просат и питачат, немајќи можност за здраво детство и развој.

- **Микро групни криминогени фактори**

Развојот на детето минува низ когнитивен и социјален процес, овој процес ги опфаќа следните карактеристики: од зависност од родителите до автономност; од самоцентричност до споделување, од нетрпеливост до трпеливост; од неконзистентност до конзистентност; од често променливи емоции до балансирање на емоциите и развој во промена на начинот на логично размислување. (Atalay, 1996) Овој процес на развој на детето е многу значаен доколку постои позитивна и одговорна поддршка од страна на родителите поточно од семејството како микро група.

Во голем број на случаи, децата Роми не го добиваат потребното и квалитетно семејно воспитание. Чести се случаите кога за време на работната ангажираност на родителите, децата не се згрижени или грижата ја имаат преземено нивните поголеми браќа и сестри, немаат играчки и соодветни дидактички средства. Самите родители на ромските деца образованието на своите деца не го препознаваат како средство за бегство од сиромаштијата и неретко и самите влијаат, посредно или непосредно, на одлуката за нивното напуштање на школувањето.

Немајќи ја потребната стабилност од страната на семејството, немајќи го позитивното влијание кое му е потребно на секое дете во развој и сето тоа заменето со негативни примери за начин на живот, резултира со погрешна перцепција на тоа што е правилно и исправно во очите на детето.

Училиштето е институција која дава голем придонес на социјализацијата на детето. Целта на училиштето не е само давање на образовна дејност, туку и воспитување, така детето голем дел од времето во текот на денот го минува со неговите врсници и доаѓа во допир со различни профили на деца, размена на информации, љубопитност за нови работи и сл. (Uluğtekin, 1991)

Младите Роми во Северна Македонија спаѓаат во категоријата на лица кои се соочуваат со најнизок степен на писменост, и млади кои по завршување на задолжителното средно училиште не се одлучуваат да го продолжат своето образование што дополнително води кон зголемување на сиромаштијата кај Ромското население.

Непознат е точниот бројот на ученици Роми кои се надвор од образовниот систем. Според досегашни истражувања (Македонија, Ромите на прв поглед - Република Северна, 2018) и анализи како на регионално ниво така и на национално ниво се забележува дека кај ромските ученици има слаба посетеност на наставата и високи стапки на напуштање на образованието. Постојат повеќе причини за ова: иселување на ромските семејства во земји од Западна Европа, недоволното познавање на македонскиот јазик, нискиот степен на образование на родителите, лошата социо-економска состојба на семејството, сегрегација дури и во најраните фази на образованието и недостаток на организиран или јавен превоз од ромските населби (што најчесто се далеку од образовните институции). Дополнително во текот на 2020 отежнување на образовниот процес кај децата Роми предизвика реализацијата на онлајн настава. Многу деца Роми кои се дел од семејства во социјален ризик не беа во можност да следат настава поради фактот што истите немаа електронски уреди (компјутер, таблет, паметен телефон) и интернет мрежа.

Улогата на општеството во развојот на децата Роми се вбројува во една од мошне битните фактори кои влијаат за појава на малолетничка деликвенција. Антициганизмот е посебна форма на расизам насочена против оние стигматизирани во општествениот светоглед како „Gypsies", „tsigane", „ţigan", „Zigeuner", „tatars", „zingari" или други сродни термини, кои што во својата суштина се засноваат на претпоставките дека тие припаѓаат на една инфериорна и девијантна група, и поради тие причини, се оправдува доминацијата врз нив и нивното угнетување. (Rostas, 2019, pp. 19-20) (Rostas, et al., 2021)

Антициганизмот опфаќа многу поширок спектар на дискриминаторски изрази и практики, вклучително и многу индиректни или скриени манифестации. Антициганизмот не се однесува само на она што се зборува, туку и на тоа што се прави и што не се прави. Во однос на

манифестацијата на овој феномен, потребен е интерсекциски пристап од повеќе области кои опфаќа: дискриминација, говор на омраза, полициска бруталност, сегрегација во училиштата, сегрегација во домувањето, присилно иселување, признавање на Холокаустот и културните обележја на Ромите, дискриминаторски практики во делот на вработување и здравство. ( Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030)

Според истражувањето, 23% од населението не се чувствува пријатно да работи со Ром; 25% од населението не се чувствуваат пријатно нивните деца да одат на училиште заедно со деца Роми, додека 38% не се чувствуваат пријатно да изнајмат стан/куќа на Роми. (Балкански барометар 2021 – Јавно мислење) Дете кое расте во средина каде општеството од раѓање му напоменува дека припаѓа на девијантна група, е личност која ќе расте имајќи го на ум тоа мислење за себе.

## 3. Постапување на судот во кривична постапка спрема деца

Во судската постапка на дете над 14 години му се гарантираат истите права што ги имаат полнолетните сторители, односно обвинети во кривичната/прекршочната постапка, но и посебните права предвидени и признати со Конвенцијата за правата на детето и ратификуваните во согласност со Уставот на Република Северна Македонија меѓународни договори и тоа во сите фази на постапувањето, но и при изрекувањето и извршувањето на мерките или санкциите.

Во членот 9 од Законот за правда за децата е содржано начелото на недискриминација на детето и на неговите права пропишани п предвидени со Конвенцијата за правата на детето. Имено, основите за дискриминација наведени во законот се усогласени со Законот за спречување и заштита од дискриминација и во случај на евентуални повреди на правата на детето, а врз таква основа, се активираат механизмите за заштита кои се предвидени со тој закон. Покрај тоа, наведената одредба ги проширува основите на дискриминација и на родителите, односно старателите или членовите на семејството на детето.

Постапувањето на судот, при формалното постапување спрема детето, согласно Законот за правда за децата, треба да трае и да биде завршено во разумен рок, кој што нема да штети на интересите на детето.

Имено, во постапката за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела овластен тужител е исклучиво јавниот обвинител, при што започнувањето и водењето на постапката спрема дете се врши по барање на јавниот обвинител. За оние дејствија што со закон се предвидени како кривични дела, а за кои кривичното гонење се презема по предлог или приватни тужба, постапката може да се покрене доколку оштетениот во рок од три месеци од денот на сознавањето за стореното дејствие или сторителот, истакне предлог за поведување на постапка до надлежен јавен обвинител.

Во постапката спрема деца, без оглед на кривичното дело кое е сторено, детето во сите фази на судската постапка мора да има бранител, кое нешто не е случај во постапката против полнолетни лица каде што во случај на факултативна одбрана, лицето кое е обвинето има право самостојно да одлучи за ангажирање на бранител.

Согласно чл. 95, Судот и другите органи што учествуваат во постапката спрема деца се должни да обезбедат заштита на приватноста на детето и на неговото семејство. Кога му се суди на дете секогаш се исклучува јавноста· (Закон за правда за децата, 2024)

Полниот публицитет на кривичната постапка спрема детето би бил контрапродуктивен по интересите на детето. Поради тоа, Законот за правда за децата, предвидува ограничување на јавноста во оваа постапка во двојна смисла: прво, во кривичната постапка спрема дете, исклучена е општата јавност; и второ предвидени се ограничувања кои се однесуваат на објавување на текот на кривичната постапка спрема дете и на одлуката донесена во оваа постапка. (Бужаровска, Нанев, & Кошевалиска, 2015)

Понатаму, за донесување на правилна и законита одлука, присуството на лицата против кои е покрената и се води судска постапка е нужен предуслов. Во кривичната постапка која се

води спрема дете, забрането е судење во отсуство, па оттука доколку детето не е достапно надлежниот суд донесува решение со кое се прекинува постапката.

Пред да биде преземено било какво дејствие, а во случај на сомневање дека детето извршило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело, на детето судот му дава поука за правата и правото да биде придржувано од родителот/ите, односно старателот во текот на испитувањето или од друго полнолетно лице определено од детето.

При преземањето на какви било дејствија на кои присуствува дете, а особено во моментот на негово испитување, судот е должен да постапува претпазливо, водејќи сметка за неговата психофизичка состојба, чувствителноста и личните особини на детето, се со цел да се избегне, водењето на постапката штетно да влијае врз правилниот развој на детето.

Овие правила на постапување се резултат на заштитничко – протекционистички модел на казненото законодавство спрема деца, во кој целата постапка е првенствено насочена кон помош на децата сторители на кривични дела, за да истите се ресоцијализираат и упатат на вистинскиот пат во нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој, а да не доминира и да има приоритет ретрибутивноста и казнувањето. (Stojanović Milošević, 2006, p. 336)

### 4. Положбата на децата Роми во судска постапка

Евидентните податоци за етникумот на децата на улица, го потврдува фактот дека децата од Ромска национална припадност се најризична група, односно група која е најзастапена на улиците низ државата и изложена на ризик од инволвирање во какви било недозволени активности со цел остварување приход за организираните групи кои ги принудуваат да питачат, крадат и да остваруваат битие на друг криминалитет, неретко и на акти на трговија со луѓе, а сосема мала и несигурна заработувачка за нивните родители и останати членови на семејството. (Донева, 2021)

Институционалната дискриминација е неправеден или нееднаков третман кој е ‚вграден' во една општествена структура. Истата резултира со различен третман, исклучување, ограничување или привилегиран третман на лице или група што нема објективно и разумно оправдување, ниту легитимна цел. (Оровчанец & Гжемни, 2022, стр. 5)

Во овој дел од трудот вниманието е посветено на изготвување на аргументирано истражување и анализа при што за прибирање и обработка на податоците беше користено правото на слободен пристап до информации од јавен карактер согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Селекцијата на предметите кои се опфатени со истражувањето е извршена по случаен избор и тоа по два судски предмети во годините од 2018 до 2022 кои се водени пред Основен суд Струмица, а во кои како сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела се деца од ромска националност. За потребите на истражувањето со поднесувањето на Барањето за пристап до информации од јавен карактер до надлежниот Основен суд Струмица беа изготвени прашања кои се однесуваат на децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и беа истакнати индикатори за примена на Законот за правда за децата. Значајно е да се наспомене дека од добиените податоци произлегува дека во 2018 година не евидентираат деца кои се од ромска националност, а кои се сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела. Во 2019 година, а согласно добиените податоци спроведена е една постапка против дете од ромска националност кое извршило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело, додека за годините 2020, 2021 и 2022 година се добиени податоци согласно побараното, односно добиени се информации за по два судски предмети по случаен избор во кои како сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела се деца од ромска националност.

- **Полова структура**

Во вкупно 7 предмети има вкупно 8 деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и сите се од машки пол.




- **Возраст**

Од вкупно 8 деца Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела, две деца се на 15 годишна возраст, две деца се на 16 годишна возраст, две деца се на 17 годишна возраст и две деца се на 18 годишна возраст.




- **Брачна состојба**

Од вкупно 8 деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела според добиените податоци само за едно дете сторител постои податок за брачната состојба и за истиот е истакнато дека не е во брак. Во однос на останатите 7 деца нема воопшто податок.



- **Степен на образование**

Што се однесува на степенот на образование на децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела од вкупно 8 деца сторители за 5 од нив има податок за степенот за образование, а за 3 воопшто нема податок. Притоа од доставените податоци, за едно дете има податок дека е ученик, за едно дете има податок дека има завршено второ одделение, за едно дете има податок дека има завршено четврто одделение, за едно дека има завршено петто одделение и за едно дека има завршено шесто одделение, што значи ниту едно од нив нема завршено основно образование.




- **Имотна состојба и социјална положба**

Од анализираните податоци кои се доставени од страна на Основен суд Струмица евидентно е дека децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела се наоѓаат во тешка имотна состојба и притоа за 4 од нив има податок дека се од сиромашно семејство, а за останатите воопшто нема податок. Во однос на вработувањето само за едно од децата постои податок дека истото е невработено, а за останатите воопшто нема податок.




- **Право на бранител**

Во споредба со постапката против полнолетни сторители на кривични дела каде постојат случаеви на факултативна одбрана, односно можност обвинетиот самостојно да одлучи дали ќе

ангажира бранител или не, во судската постапка спрема деца одбраната е задолжителна и тоа во сите фази и без оглед на дејствието кое што е извршено.

Од добиените податоци евидентно е дека во судската постапка на сите 8 деца Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела им е назначен бранител по службена должност.

- **Обезбеден преведувач во постапката**

Во однос на обезбедувањето на преведувач во постапката спрема деца Роми, беа побарани податоци кои се однесуваат на тоа дали е обезбеден преведувач, односно дали во текот на постапувањето на записник е нотирано дали детето го разбира јазикот и дали има потреба од обезбедување на преведувал. Од доставените податоци произлегува дека во ниту една од случајно избраните судски постапки не е обезбеден преведувач на ромски јазик, а исто така воопшто не постои податок за тоа дали децата Роми биле прашани за тоа дали го разбираат јазикот и дали имаат потреба од обезбедување на преведувач, па од овде се доведува во прашање дали децата Роми во целост го разбрале дејствието што им се става на товар, а што со закон е предвидено како кривично дело.

- **Поука за правата во постапката и за самата постапка**

Имајќи во предвид дека секое дете има право да биде подучено за правата во таа постапка и за самата постапка, беа побарани податоци кои се однесуваат на тоа дали децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела им е дадена поука за правата во постапката и за самата постапка, при што од добиените податоци евидентно е дека на сите 8 деца Роми им е дадена поука за правата во постапката и за самата постапка.

- **Притвор во постапка**

Притворот како мерка за обезбедување на присуство на детето согласно со Законот за правда за децата, судијата за деца може да го определи против детето само доколку постои предлог на јавниот обвинител, а по претходно прибавено мислење од надлежниот центар за социјална работа. Од доставените и анализирани податоци произлегува дека спрема ниту едно од 8те деца Роми не е определена мерка притвор.

- **Претходна осудуваност и повторништво**

Во однос на претходната осудуваност и повторништвото, од доставените податоци евидентно е дека таков податок не е нотиран, односно не постои податок за претходна осудуваност и повторништво кај предметните 8 деца Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела.

- **Вид на сторени дејствија што со закон се предвидени како кривични дела**

Од доставените податоци се забележува дека најмногу се застапени Тешка кражба по член 236 од Кривичниот законик, потоа Лажно претставување по член 391, Телесна повреда по член 130 од Кривичниот законик, Силување по член 187 од Кривичниот законик и Непостапувањето според здравствените прописи за време на епидемија по член 206 од Кривичниот законик.

Имено, од доставените податоци евидентно е дека 3 деца се сторители на дејствие што со закон е предвидено како кривично дело Тешка кражба по член 236 од Кривичниот законик, 2 деца се сторители на дејствие што со закон е предвидено како кривично дело Лажно претставување по член 391 од Кривичниот законик и по 1 дете е сторител на дејствие што со закон е предвидено како кривично дело на Непостапување според здравствените прописи за

време на епидемија по член 206 од Кривичниот законик, Телесна повреда по член 130 од Кривичниот законик и Силување по член 187 од Кривичниот законик.




- **Вид на одлука (решение/пресуда) и изречени кривични санкции и мерки**

Во постапката спрема деца, советот за деца може да донесе само еден вид пресуда – осудителна и тоа кога се изрекува казна затвор или алтернативна мерка (условна осуда со заштитен надзор или општо корисна работа). Следствено на тоа останатите кривични санкции и мерки се изрекуваат со решенија.

Од доставените податоци во ниту еден од предметите не е донесена пресуда, односно во сите предметни надлежниот суд донел решение за изрекување на конкретна санкција/мерка.

Во однос на изречените санкции се забележува дека спрема 3 деца е изречена воспитна мерка укор, исто така спрема 3 деца е изречена воспитна мерка на засилен надзор од страна на родителите, спрема 1 дете е изречена заводска мерка меѓутоа не е даден податок дали станува збор за упатување во воспитна установа или упатување во воспитно-поправен дом. Спрема 1 дете со решение за запирање на постапката, постапката е запрена, но не постои податок по кој основ.



**Заклучок**

Една од причините за градење посебен систем на превенција на криминалот кај децата е поради тоа што како прво, станува збор за деца кои се во период на развој (пубертет), второ, секое погрешно постапување со детето може да придонесе кон градење криминален профил и израснување во вистински професионален криминалец, трето, зголемување на бројот на деликвенцијата кај малолетници. (Камбовски, Казнено право-Општ дел, 2006, стр. 801)

Децата се една од најранливите категории во едно општество и поради тоа нивната благосостојба е исклучиво важна. Секоја една институција има клучна улога во нивниот раст и развој почнувајќи од семејството, па училиштето а од исклучива важност е и општеството заедно со институциите.

Нивната изложеност на дискриминација би имало екстремно лошо влијание кои би резултирало со мошне негативен исход на нивните идни денови. Чувството на непожелност, маргинализираност и потчинетост остануваат белег во текот на нивниот цел живот и голема е веројатноста за нивно пренесување на идните поколенија.

На децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела им е потребно многу внимателно постапување при формалното судско постапување, но и ресоцијализација и подготовка пред да се вратат на нивниот секојдневен живот, вооружени само со чувство на самодоверба спремни да се борат со стереотипите и предрасудите со кои израснале.

На детско престапништво воопшто, но и на постапувањето спрема децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела повеќе се работи теоретски отколку практично.

Во кривичните предмети, при формалното постапување спрема децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела во најширока смисла на зборот постои дискриминација и тоа во однос на не можноста децата Роми соодветно да ги користат правата кои им се обезбедени со Законот за правда за децата, но и Законот за кривичната постапка. Имено, загрижувачки податоци се оние кои покажуваат дека при формалното судско постапување во ниту еден од судските предмети кои беа предмет на анализа не е забележано дека бранителот е обезбеден од страна на самото дете или неговите законски застапници, туку напротив истиот е именуван во сите предмети по службена должност, што доколку се доведе во корелација со имотната и социјалната положба на децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела, произлегува дека тоа може да биде како резултат на не можноста истите да ги платат трошоците за адвокат, а со тоа што не е обезбеден бранител од самото дете или неговите законски застапници, се доведува во прашање дадената одбрана во текот на постапката.

Покрај тоа загрижувачко е тоа што на децата Роми во ниту еден од анализираните предмети не е наведено дека во текот на постапката им е обезбеден преведувач на ромски јазик, од овде, а како и погоре споменавме се доведува во прашање дали децата Роми во целост го разбрале дејствието што им се става на товар, а што со закон е предвидено како кривично дело.

Поради сето погоре наведено сметаме дека постои потреба од посеопфатен пристап и третман спрема децата Роми сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела при формалното судско постапување.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030. (н.д.). Повратено од https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/Strategija%20za%20inkluzija%20na%20Romite%202022-2030%2003-02-2022%20finalna%20verzija.pdf

Atalay, Y. (1996). *Çocuk Ruh Sağlığı.* Ankara: Özgür yayınlar.

Larry, J. S. (2011). *Criminology-The Core.* USA: Wadsworth Cengage Learning.

Novaković, U. (2023). *Učešće i zaštita deteta u građanskom i krivičnom postupku. Međunarodni pravni odnosi i pravda.* Kopaonik: Međunarodni pravni odnosi i pravda : zbornik radova 36. susreta Kopaoničke škole prirodnog prava - Slobodan Perović, decembar 2023 : međunarodna naučna konferencija, Tom 1.

Police abuse Romani youth in Macedonia. (2004, July 24). *CHALLENGING DISCRIMINATION PROMOTING EQUALITY.* Повратено од European Roma Rights Centre: https://www.errc.org/cikk.php?cikk=1969

Rostas, I. (2019). *A Task for Sisyphus: Why Europe's Roma Policies Fail.* Budapest: CEU Press.

Rostas, I., Jovanovic, T., Zharkalliu, K., Kostic, I., Baysak, S., S, A., & Leucht, C. (2021). *Combating Institutional Antigypsyism in the Western Balkans and Turkey - A Policy Assessment.* Belgrade: Regional Cooperation Council Roma Integration Actio.

Stojanović Milošević, G. (2006). *Krivično-pravni status maloletnika u zakonodavstvima bivših jugoslovenskih republika.* Makedonska revija za kazneno pravo i kriminologija, godina 13, broj 2.

Uluğtekin, S. (1991). *Hükümlü Çocuk ve Yeniden Toplumsallaşma.* Ankara: Bizim Büro Basımevi.

Балкански барометар 2021 – Јавно мислење. (н.д.). Повратено од https://www.rcc.int/pubs/122/balkan-barometer-2021--publicopinion

Бужаровска, Л. Г., Нанев, Л., & Кошевалиска, О. (2015). *Кривично постапување спрема децата во ризик и судир со законот.* Скопје: Правен Факултет Јустинијан Први.

Влашкович, В. (2014). *Начело најбоњег интереса детета у породичном праву.* Крагујевац: докторска дисертација.

Донева, Н. (2021). Деца на улица во Република Северна Македонија и нивната ранливост во однос на трговија со луѓе. *20- та Меѓународна научна конференција.*

Ебру, И. (2020). *Криминолошки и казнено – правни аспекти на малолетничката деликвенција во РМ.* Скопје.

Закон за правда за децата. (2024). Службен весник на РСМ бр 66/24.

Извештај за сиромаштија - Северна Македонија. (2020). Македонска платформа против сиромаштија.

Камбовски, В. (2006). *Казнено право-Општ дел.* Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј.

Камбовски, В., Лажетиќ, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О., Арифи, Б., & Саити, Џ. (2018). *Коментар на Законот за правда за децата со практикум.* Скопје: Совет за превентива против малолетничка деликвенција.

Луќетиќ, Д. (1999). *Влијанието на семејството врз појавата на малолетничката делинквенција.* Белград: Научна книга.

Митев, Г. М. (2009). *Благосостојбата на децата и младите во време на економска криза.* Скопје: УНИЦЕФ.

Оровчанец, А. Ј., & Гжемни, Д. (2022). *Прирачник за антидискриминација.* Скопје.

Прва детска амбасада Меѓаши. (н.д.). *12. ЈУНИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ПРОТИВ ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИОТ ТРУД.* Повратено од Прва детска амбасада Меѓаши: http://www.childrensembassy.org.mk/detski-trud-ns_article-12-juni-megjunaroden-den-protiv-zloupotreba-na-detskiot-trud.nspx

Ромите на прв поглед - Република Северна Македонија. (2018). Регионално истражување на УНДП и Светска банка.

Студија за детската сиромаштија. (2008, Јуни). *УНИЦЕФ.* Повратено од Студија за детската сиромаштија: https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D0%B8/%D1%81%D1%82%D1%83%D0%B4%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%B5%D1%82%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%B8%D1%80%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D1%88%D1%82%D0%B8%D1%98

Сулејманов, З. (2009). *Криминологија.* Скопје: Институт за социолошки и политичко- правни прашања.